МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
## (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА**
**НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**„МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 3*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Книжарница и печатница „Славјански“, Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 3, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

316.624.2:37-057.874

**Д-р Валентина Клопчевска**
ООУ „Владо Тасевски“ – Скопје
Р. Северна Македонија

**Игор Клопчевски**
Р. Северна Македонија

# УЛОГАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

**АПСТРАКТ:** Во овој труд ќе бидат обработени податоци за улогата на училиштето и наставниците како значаен фактор за спречување на малолетничкиот криминалитет и улогата на училиштето во превенција. Малолетничкиот криминалитет ќе биде набљудуван од различни аспекти. Феноменолошкиот или првиот аспект, овде ќе ги проучуваме облиците, појавите, структурата и динамиката на криминалното однесување. Друг аспект се факторите кои доведуваат до малолетнички криминалитет и нивната етиолошка димензија.

***Цел на трудот:*** Да се направи анализа на влијанието на училиштето во превенција на малолетничкиот криминалитет, неговата воспитна функција, која претставува сложен и есенцијален проблем, бидејќи преку неа се прекршуваат:социјалниот, општествениот и моралниот аспект на малолетникот.

***Материјали и методи:*** Направена е писмена анкета, односно анонимен прашалник за ученици од средно образование кои се малолетни и немат наполнето 18 години и преку анализа на добиените резултати да се надмине појавата на малолетничкиот криминалитет, при што се добиени следните резултати:Вкупно се анкетирани 140 ученици средношколци од Скопје од кои машки се 84, женски 56, а по национален состав:Македонци се 55, Албанци 37, Роми 9, останати 18. Не се изјасниле 21.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** криминалитет, училиште, малолетници, превенција

# THE ROLE OF THE SCHOOL IN THE PREVENTION OF JUVENILE DELINQUENCY DURING A PANDEMIC

**ABSTRACT:** This paper will process data on the role of the school and teachers as an important factor in preventing juvenile delinquency and the role of the school in prevention. Juvenile delinquency will be monitored from different angles. Phenomenological or the first aspect, here we will study the forms, phenomena, structure and dynamics of criminal behavior. Another aspect is the factors that lead to juvenile delinquency and their etiological dimension.

***Aim of the paper:*** To analyze the impact of the school in the prevention of juvenile delinquency, its educational function, which is a complex and essential problem, because it violates: the social, social and moral aspects of the juvenile.

***Materials and methods:*** A written survey was conducted, ie an anonymous questionnaire for high school students who are minors and have not reached 18 years of age and by analyzing the obtained results to overcome the occurrence of juvenile crime, where the following results were obtained: A total of 140 were surveyed high school students from Skopje, of which 84 are male, 56 female, and by national composition: Macedonians are 55, Albanians 37, Roma 9, other 18. 21 did not declare themselves.

**KEYWORDS:** crime, school, juveniles, prevention

**ВОВЕД**

Во нашето општество во сегашни услови младиот човек сè уште не може да ги задоволи своите егзистенцијални потреби на припадност, не може да го пронајде својот идентитет и својата вредносна ориентација и затоа станува оттуѓен, пасивен и неспособен за револуционерни променина сегашните општествено-дезорганизирани односи.

За појавата на малолетничкиот криминалитет помеѓу средношколците е многу деликатно да се говори и најнапред би требало да се запрашаме и за неговите причинители, последици, бидејки ова претставува значаен општествен проблем, во кое доаѓа до нарушување на социјалното однесување кај младите, се кршат општествено прифатените норми на однесување на малолетникот. Криминалитетот кај младите заслужува целосно внимание, со цел да се намали и влијанието на училиштето во превенција. Со појавата на пандемијата се зголеми сиромаштијата кај нашите граѓани која претставува ризичен фактор за појавата на неприфатливо однесување кај младите. Недостатокот насмисла за поседување на систем на вредности се огледува во нивното барањесмисла во себе и смислата на животот, во деструктивното, асоцијалнотооднесување, во вандализмот, егоизмот и себичноста, во препуштањето нанагонските побуди, злоупотребата на дрога и алкохол, на самоволието,насилството и криминалитетот, кои претставуваат последици од воспитувањето без вредности. Системското и континуираното следење и проучување на малолетничкатаделиквенција и другите општествени појави релевантни за неговиот обем икарактеристики се неопходен услов за успешно планирање, програмирање икреирање на политики за спречување на појавата на на малолетничкатаделиквенција и подобрување на положбата на децата и младите.

Училиштето не смее да ја ограничи својата функција на пренесувања на знаења, навики и умеења и во време на пандемија треба да влијае превентивно кај младите. Нетрпеливоста кај младите честите одсуства од настава, нетолеранција помеѓу себе, родителите и општествената средина, придонесуваат за појавата на криминалитет меѓу средношколците.

Воспитно-образовниот процес како внатрешно, така и надворешно треба да се фокусира на основните категории, како и потребата да се влијае врз оформувањето на современата физиономија.

## ЕТИОЛОГИЈА И СОЦИО-ПАТОЛОШКИ ПОЈАВИ КАЈ МАЛОЛЕТНИЧКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Постојат многу теоретски објаснувања за појавата на малолетничкиот криминалитет ( па и на малолетникот), кои според преовладувачкото мислење можат да се поделат во две големи групи:оние кои при објаснувањето на престапничкото поведение во прв план ги ставаат индивидуалните карактеристики на сторителот и вторите, кои тргнуваат од средината во која лицето живее. Кога се работи на за малолетничкиот криминалитет, таа поделба би можела да се објаснува да ги сведе два вида:

1) Оние кои сметаат дека био-психо конструкцијата на малолетникот е од одлучувачко влијание за престапничкото однесување на младите и

2) Оние кои акцентот го ставаат на општественото опкружување.[1]

Во структурата на малолетничката деликвенција, по обем и општествени последици социјално-патолошките појави се наоѓаат пред криминалитетот и останатите видови на престапништва. Тие се во толкава мера изразени во малолетничката популација, што примаат обележја на болест поврзана за младоста, особено кога станува збор за алкохолизам, наркоманија или проституција. Влијанието на алкохолот и наркотиците врз здравјето на младитее значително поизразено, за разлика од возрасните, но со појавата на пандемијата е во пораст. Медицинските испитувања утврдиле дека организмот на младите е 10-20 пати почувствителен на овие средства и дека тие директно се одразуваат на нивното здравје. Недостатокот на одредени витамини, но и консумирање на некои адитиви кои се додаваат во намирници можат да влијаат врз агресивното и неконтролираното криминално однесување на младите, ниското ниво на шеќер ( хипогликемија). Изучувањето на хромозомските абнормалности ( структура XSS), исто така, се многу популарни во криминологијата која е биолошки ориентирана.

Малолетничкиот криминалитет опфаќа практично многу однесувања, кои не можат да се сметаат како деликвентни во законска смисла, како што се : непослушност, пушење без дозвола, бегање од дома и од училиште, отсуство на почитување на другите луге, скитање и сл.

Миграцијата од руралните во урбаните средини предизвикува стресови и конфликти, судар на традиционалната форма со новата, станбена криза, и придружни проблеми кои често водат до одделни облици на деликвентно однесување.

## ВЛИЈАНИЕТО НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРЕВЕНЦИЈА

Училиштето претставува воспитно-образовна институција, во кои воспитната и образовната компонента се интегрирани. Во практика евидентно е нарушување на ова единство, односно видно занемарување на воспитната функција на училиштето, а со тоа и негативни последици врз однесувањето на младите во сите сегменти на животот.

Во услови на современо микро семејство, кога живеат само родители и деца, невработеноста на родителите поради појавата на пандемија, урбаните промени и слично, влијаат врз остварувањето на воспитната функција кај малолетниците. Оттука воспитната функција се повеќе се наметнува на училиштето, но поради пандемијата и он-лајн наставата станува многу покомплексна и потешка за

1. Ѓорѓе Игнатовиќ, Зборник на трудови, Малолетничка правда, од идеја до практика, издавач, Полициска академија-Скопје, 2008, стр 72

остварување. Но, сепак во нашите училишта се уште е изразена интелектуалната компонента, наспроти социо-емоционалниот развој на учениците.

Инцидентите се почести и несоодветното однесување на младите е се поактуелно. Училиштето trтеба да се сврти кон воспитната компонента, кон развивање на други аспекти од развојот на младата личност, а посебно социо-моралниот, социо-економскиот, мотивациониот и волевиот аспект, бидејки овие компоненти се неопходни за остварување на воспитната функција на соодветен и практичен начин.

Животниот пат и особините на личноста на малолетникот по правило имаат влијание на настанатата положба од социјална потреба. Поради тоа, добивањето на целосни релевантни информации за одделните лични, срединскиcki и други статусни белези на малолетникот за социјалниот работник, педагогот и психологот, имаат особено значење во дијагностицирањето или квалификацијата на секој случај.

Нашето истражување е извршено во средно стручно училиште он-лајн во кое се анкетирани 140 ученици од кои 84 се машки и 56 се женски, ова можеме да го видиме на следната табела:

| Пол | Фреквенца | Проценти |
|---|---|---|
| Машки | 84 | 61,42 |
| Женски | 56 | 46,42 |
| Вкупно | 140 | 100,00 |

*Табела бр. 1.*

Учениците се анкетирани и по национален состав, за да видиме колку влијае средината и семејството за појавата на малолетничкиот криминалитет.

| Национален состав | Фреквенца | Проценти |
|---|---|---|
| Македонци | 55 | 39,28 |
| Албанци | 37 | 26,42 |
| Роми | 9 | 6,42 |
| Останати | 18 | 12,85 |
| Не се изјасниле | 21 | 15,00 |
| Вкупно | 140 | 100,00 |

*Табела бр.2.*

Овие податоци можеме да ги видиме на следниот графикон:




*Графикон бр. 1.*

Честопати учениците својот криминалитет го повторуваат, затоа ги прашавме колку од нив ги повторуваат своите дела , при што ги добивме следните податоци:

| Повторување на прекршоци | Фреквенца | проценти |
|---|---|---|
| многу често | 46 | 32,85 |
| често | 23 | 16,42 |
| ретко | 41 | 29,28 |
| никогаш | 12 | 8,57 |
| без одговор | 18 | 12,85 |
| Вкупно | 140 | 100.00 |

*Табела. Бр.3*

Од податоците во табелата можеме да заклучиме дена младите многу често или 32,85% многу често ги повторуваат прекршоците, 16,42% често, ретко се изјасниле 29,28%, никогаш 8,57% и без одговор се 12,85%.

## ПРИОРИТЕТИ НА НАСТАВАТА ЗА ВОСПИТНО ДЕЛУВАЊЕ

Програмата во училиштата и функцијата на училиштето во современи услови повеќе се ориентирани на образовниот, за разлика од воспитниот аспект на младиот човек, но во време на пандемија треба де се почитуваат приоритетите. Во таквиот систем недостасува изградувањето на морални норми, на позитивни ставови и на карактерот на личноста, бидејќи програмата е неусогласена со физичките и психичките можности и потреби на младите, нивниот интерес и нивните желби.

Воспитната функција на училиштето е многу сложен и есенцијален проблем, за да може успешно да се реализаита особено сега во време на пандемија, треба успешно да се реализира и за да се задоволат потребите на учениците, потребни се многу промени. Воспитниот аспект иако се одвива он-лајн треба да реализира програми за воспитно делување кои се изработуваат на почетокот на учебната година.

Основна задача на училиштето е да развива:

» Солидарнос-како потреба за заедничко дејствување и материјално морална подршка.

» Кооперативност (соработка)- основна вредност која се темели на интерактивно учење.
» Взаемна помош, која е последица на емпатично однесување во моменти на негативни чувства со другите и потреба да им се помогне на оние на кои им е потребна помош.
» Емпатија која ќе значи соживување со другиот и висок степен на интеракција и комуницирање.

Да го форматираме образованието и да го подигнеме квалитетот за да можеме да се носиме со предизвиците на новото време и кризата која ни ја наметнува пандемијата. Мора да постојат посебни програми и планови кои поаѓаат од добро познавање на појавата, нивните каракте-ристики, обемот и причината и во кои прецизно, врз основа на сознанијата на науката и искуствата од пракса, ги одредуваат целите, задачите, содржината, методите, мерките и носителите на динамиката.

**ЗАКЛУЧОК**

Воспитната улога на училиштето има потреба од итна реарфимација. Попречувањето и сузбивањето на деликтите сторени од оваа категоријалица се разликува од постапките кон сторителите на возраст над 18 години.Овде во прв ред треба да се се става акцент на превентивните мерки.Најголемиот број предложени мерки се однесуваат на семејството иучилиштето. Испитаниците ги предлагаат следните мерки: Разговор на родителите со малолетникот, поголема претпазливост од родителите, Ограничување на времето за излегување, пружање на поголема љубов и внимание, помагање на младите во депресивни ситуации и ситуации наздодевност, бидејќи поради тоа младите најчесто се одлучуваат на деликвентно однесување, подобри односи во семејството, воспитување на децата од мали нозе, разговарање за проблемите, построги правила во училиштата, разговор за последиците на деликвентното однесување, квалитетно поминување на слободното време. Потребно е да се изготви систем за вреднување на однесувањето на учениците , механизам за работа во група, чувство на припадност во групата, колаборативни односи, самодоверба, да се потикнива социо-емоционалниот развој, но не смееме да ја занемариме и улогата на родителите.

**ЛИТЕРАТУРА**


1. Закон за малолетничка правда „Службен весник на РМ" бр, 87/07,103/08,161/08;
2. Стеван Алексоски, Криминална психологија: (Психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип; Прилеп: Педагошки факултет „Гоце Делчев" : П.П.Елвор, 1997 (Кочани : Младост);
3. Татјана Велкова, Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, 1999;
4. Д-р Љупчо Арнаудовски, Виолета Чачева, Повторот и повторниците (Повторот кај сторителите на кривични дела), Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при универзитет „Кирил и Методиј" - Скопје, 1979 година;
5. Стеван Алексоски, Криминологија, Штип, 2009 година
6. Бошкович, М, Криминологија, 2006, Нови Сад;
7. Ѓорѓе Игнатовиќ, Зборник на трудови, Малолетничка правда, од идеја до практика, издавач, Полициска академија-Скопје, 2008, стр 72
8. Dinitz, S, The Antisocial Personality, Forensic psychiatry and psychology, F.A Davis, Company, Philadelphia;
9. H. Mannhein, Sumary of the Third Internacional Congress of Criminology, London,1975